Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 475/2
25.12. 2025 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната петта седница на Советот на Општина Градско**
**на ден 11.12.2025 година, со почеток во 14:00 часот**
**во салата на Општина Градско на следиот**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записникот од 4-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2026 година.
3. Предлог- Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.
4. Предлог- Програма за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2026 година.
5. Предлог- Програма за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2026 година.
6. Предлог- Програма за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година.
7. Предлог- Програма за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на Општина Градско за 2026 година.
8. Предлог- Правилник за измена на Правилникот за за утврдување на критериумите, условите и потребната документација за остварување право на парична помош за новороденче.
9. Предлог- Одлука за доделување награди по повод Денот на Општина Градско 16 Декември.
10. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Програма и план за работа на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА со предлог Буџет и финансиски план на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА за 2026 година.
11. Разгледувања на барања и поднесоци.
12. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Драгана Данева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Драгана Данева, Веле Петрески, Душко Цековски, Кристина Самандова, Димче Богдановски, Тоше Петревски, Александар Ристовски, Благоја Станишевски и Боне Спасовски.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита предложениот дневен ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 5-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 4-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Советот на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 4-та Седница на Советот на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 4-та Седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 4-та седница на Советот на Општина Градско.

*2.Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Програмата беше образложена од страна на Емилија Тасевска Колева од општинската администрација.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2026 година.

*3.Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Програмата беше образложена од страна на Емилија Тасевска Колева од општинската администрација.

Димче Богдановски- што е со времените објекти на потегот од градинката до крајот, каков статус имаат.

Емилија Тасевска Колева- за сите објекти во Општина Градско кои се бесправно изградени има комисија и постапката за легализација си тече, а за времените објекти не можам да кажам која е постапката.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.

*4.Програма за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Програмата беше образложена од страна на Мери Седмакова Димовска од општинската администрација.

Драгана Данева- во врска со оброкот кој им се дава на децата, некои деца не ја јаделе дали може да се смени нешто за да не дојде храната да се фрла.

Киро Нацков- кога го почнавме овој проект се започна од социјален аспект реално некои родители не можат да им обезбедат оброк на децата. Децата не може да се делат кој јаде кој не, јавна набавка е и се прави на вкупната бројка. Проектот го направивме паралелно со Општина Кавадарци поради тоа што ние како бројка ос 180 деца не сме исплатливи за фирмите. Пробавме сами два пати но беше неуспешно. Се направи анкета, направивме и дополнителна анкета 99% беа изјаснети да се продолжи со храната.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2026 година.

*5.Програма за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Програмата беше образложена од страна на Мери Седмакова Димовска од општинската администрација.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2026 година.

*6.Програма за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Програмата беше образложена од страна на Мери Седмакова Димовска од општинската администрација.

Димче Богдановски- може да се вметне и активност за заштита на машкото здравје.

Мери Седмакова Димовска- може, секоја програма може да биде изменета и дополнета.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година.

*7.Програма за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Програмата беше образложена од страна на Катерина Кузмановска од општинската администрација.

Димче Богдановски- иде сезона на грип, на скоро сите постари лица се дава апел за вакцинирање и истите одат во Велес. Може ли да се разговара доколку има повеќе заинтересирани лица истите да не одат во Велес да дојде екипа од Велес во Градско.

Катерина Кузмановска- порано доаѓаа во Градско, може да се разговара.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на Општина Градско за 2026 година.

*8.Правилник за измена на Правилникот за за утврдување на критериумите, условите и потребната документација за остварување право на парична помош за новороденче.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Правилникот беше образложен од страна на Катерина Кузмановска од општинската администрација. Се врши измена на веќе донесениот правилник од 2023 година во однос на висината на средствата и временскиот перид за достава на барањата.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Правилникот за измена на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и потребната документација за остварување право на парична помош за новороденче.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско го усвои Правилникот за измена на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и потребната документација за остварување право на парична помош за новороденче.

*9.Одлука за доделување награди по повод Денот на Општина Градско 16 Декември.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Образложение за секое од предложените лица даде градоначалникот Киро Нацков.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за доделување награди по повод Денот на Општина Градско 16 Декември.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за доделување награди по повод Денот на Општина Градско 16 Декември.

*10.Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Програма и план за работа на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА со предлог Буџет и финансиски план на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Снежана Гинова в.д. директор на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА која истакна дека стационарот во права смисла со заловување и третман на кучиња на територија на сите девет општини работи седум месеци. Детално беа образложени програмата и планот како и предлог буџетот и финансискиот план.

Веле Петрески- имате барање по 100 денари од жител, некои од сумите ми се нереални, за возило имате пишано 450.000,00 денари. За службени телефони колку што знам тие се користат за внатрешна употреба, за вода, за адвокатски услуги, за набавка на опрема (стап за заловување), за апликации (игли и шприцеви), за поправка на боксови ако би биле од арматура би биле трајни, пумпи за дезинфекција.

Снежана Гинова- оваа сума е за две возила, ние сме секојдневно на тререн, голем е опсегот на регионот одиме до Свети Николе, Лозово, Велес. Ако дневно имаме четири интервенции користиме минимум четири шприца, ние не можиме да предвидиме колкуинтервенции ќе имаме на дневна основа. Имаме 10 пумпи кои што ги употребуваме, се расипуваат, ние мора да предвидиме набавка на нови но не значи дека сите ќе ги набавиме, тоа е во зависност од потребите.

Веле Петрески- мое лично мислење е дека проблемот со кучињата во општина Градско не е решен како што треба.

Снежана Гинова- ние работиме согласно закон, кај нас кучињата се задржуваат максимум 30 дена, доклку во тој период не се вдомат ги враќаме назад на локацијата. Целта на третманот е кучето да се стерилизира и кастрира за да не се размножуваат. Ефектот од оваа програма може да се види после 5 години. Проблемот е што се пуштаат нови кучиња од страна.

Веле Петрески- зошто не се ставаат различни маркици да се знае од каде се пуштени.

Снежана Гинова- тоа не е во наша надлежност, проблемот е системски и само така може да се реши.

Кристина Самандова- колку кучиња имамте собрано од Градско.

Снежана Гинова- од Општина Градско до сега имаме 7 кучуња.

Веле Петрески- кучињата не се кастрирани, на кој начин работите.

Снежана Гинова- по доставен налог, ако немаме налог не доаѓаме. Работиме за да се добие ефект кој ќе се види подоцна.

Димче Богдановски- поголемите општини се најголеми должници, зошто не си ги барате средствата.

Снежана Гинова- пуштаме ургенции секој месец.

Димче Богдановски- кој го одредува надоместокот за членовите на упавниот и надзорниот одбор, многу средства се каде треба да се реагира. Возилото што Ви треба би го набавиле со тие средства.

Снежана Гинова- 10 лица се според територија и според број на жители, по еден член е од секоја општина освен Велес како најголема има два члена, тоа е по закон за јавни претпријатија.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Програма и план за работа на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА со предлог Буџет и финансиски план на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ПРОТИВ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Програма и план за работа на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА со предлог Буџет и финансиски план на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА за 2026 година.

*11.Разгледувања на барања и поднесоци.*

а) Барање од Црвен крст Општинска организација Велес за одобрување на финансиски средства во висина од 10.000,00 денари за организирање крводарителска акција по повод Денот на Општина Градско- 16 Декември.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства во висина од 10.000,00 денари.

б) Барање од ФА „Стоби“ Градско за одобрување на финансиски средства во висина од 50.000,00 денари за покривање на трошоци за учество на настапи.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за одобрување на средства во висина од 50.000,00 денари.

*12.Разно.*

/

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори петтата седница во 16:00 часот.

Записник водел:

Мери Седмакова-Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско

Драгана Данева